**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Кеј Димитар Влахов бр.23 1 000 Скопје, тел. 02/3298-288, факс. 02/3219-881**

**А бр.21/24**
**06.2.2024 година**

Врз основа на чл.37 ст.1 од Законот за јавнообвинителска служба ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15, 231/15 и 11/16 ) Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. По јавниот оглас бр.1/2023 објавен во дневните весници „Нова Македонија, „Коха" и „Вечер" за вработување на јавнообвинителски службеник во Основно јавно обвинителство Радовиш, на работно место со звање В4 Помлад јавнообвинителски соработник за казнено право - 1 извршител, врз основа на Предлог на кандидати од комисијата за селекција за вработување се избира:

    **Кристина Поцкова**

2. Вработувањето на избраниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на Одлуката.

О б л а з л о ж е н и е

Јавното обвинителство на Република Северна Македонија на 18.12.2023 година во дневните весници „Нова Македонија, „Коха" и „Вечер" објави јавен оглас бр.1/2023 за пополнување на работно место со звање В4 Помлад јавнообвинителски соработник за казнено право - 1 извршител , во Основно јавно обвинителство Радовиш.

По спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас 1/2023 врз основа на Предлог на кандидати за вработување, Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Радовиш изврши избор на кандидат како во диспозитивот на оваа Одлука.

Во рок од 5 дена од конечноста на Одлуката за избор, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, ќе донесе решение за вработување на јавнообвинителски службеник на неопределено време.

Оваа одлука за избор се објавува на веб страницата и на огласна табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, до Советот на јавнообвинителската служба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

Основниот јавен обвинител на
Основното јавно обвинителство Радовиш
Биљана Стевчева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО * РАДОВИШ *

ДОСТАВЕНО ДО:
- Одделение за општи работи во ОЈО Радовиш;
- Јавното обвинителство на РСМ
- Одделение за управување со човечки ресурси.
- Избраниот кандидат